# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2007; 124/2010 и 47/2011).

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

### Предмет на уредување

Со овој закон се уредуваат правата и обврските на Република Македонија, на општината, на градот Скопје, на општините во градот Скопје, како и правата и должностите на правните и физичките лица во однос на управувањето со бучавата во животната средина и заштитата од бучавата во животната средина.

### Член 2

### Цели

Цели на овој закон се:

- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава,

- преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,

- преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување,

- отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и

- обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура, воздухопловите, опремата што се користи на отворен простор и во индустријата, како и мобилните механички средства за работа.

### Член 3

### Примена на Законот

Одредбите на овој закон се однесуваат на:

- бучавата во животната средина (во натамошниот текст: бучава) на којашто луѓето се изложени во: агломерација, зона, тивки подрачја во агломерација, тивко подрачје во природа, како и во околина на специфични образовни, здравствени и рекреативни установи и/или подрачја од посебен интерес,

- оцената, управувањето и контролата на бучавата предизвикана од превозни средства во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај, бучава што се создава во соседството и во отворениот простор, како и бучава во отворениот простор предизвикана од инсталации и индустриски постројки, вклучувајќи ги и категориите на стопански дејности,

- определување на нивото на изложеност на бучава преку евидентирање на бучавата со методи за оцена и изработка на стратешки карти за бучава,

- изготвување на акциони планови за бучава и акустично планирање врз основа на резултатите од мониторингот на бучавата, со цел за спречување и намалување на бучавата каде што е возможно, а особено во случаите кога надминувањето на граничните вредности на бучава, може да предизвика вознемиреност и штетни влијанија врз здравјето на луѓето или да се одржи вредноста на индикаторот на бучава во подрачја во коишто највисоките гранични вредности не се надминати,

- право на обезбедување на пристап и доставување на информации на јавноста за состојбата на бучавата и

- остварување на правата и обврските на: државните органи и единиците на локалната самоуправа, правните и физичките лица и граѓаните за оцената, управувањето и контролата на бучавата во животната средина.

Член 4

Исклучоци

Одредбите на овој закон не се однесуваат за бучава:

- предизвикана од самото изложено лице,

- на работно место и во работна средина,

- која се јавува во внатрешноста на превозните средства и

- која се јавува како резултат на вежбовни активности во воени полигони.

Член 5

Примена на други прописи во управувањето со бучавата

(1) Покрај одредбите од овој закон, на бучавата во животната средина се применуваат и меѓународните договори и конвенции ратификувани од страна на Република Македонија и стандарди во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај.

(2) За прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на бучавата во животната средина се применуваат одредбите од Законот за животната средина.

Член 6

Субјекти во управувањето со бучавата

Органите на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, правните и физички лица се должни да ја спроведуваат утврдената заштита од бучава, како и да го овозможат нејзиното спроведување.

## II. ДЕФИНИЦИИ

### Член 7

### Основни поими и дефиниции

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Агломерација е дел од територијата на Република Македонија, определена од страна на Владата на Република Македонија, која има население над 100.000 лица и/или густина на населеност поради којашто се смета за урбанизирана област;

2. Акустично планирање е контролирање на идната бучава преку креирање плански мерки, како што се:

- планирање на користењето на земјиштето,

- системски инженеринг и планирање на сообраќајот,

- намалување на бучавата преку мерки за звучна изолација и

- контрола на бучавата на изворите;

3. Акционен план за бучава е план изготвен и наменет за управување со проблемите и ефектите поврзани со бучавата, вклучувајќи го намалувањето на бучавата, доколку е неопходно;

4. Бучава во животната средина е бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук создаден од човековите активности којшто е наметнат од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување, вклучувајќи ја и бучавата емитувана од превозни средства, патен, железнички и воздушен сообраќај и од места на индустриска активност, како што се оние дефинирани во Главата 10 од Законот за животната средина која се однесува на интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите коишто влијаат врз животната средина;

5. Бучава од соседство е примање на имисија на бучава меѓу соседни места во кои престојуваат или живеат луѓе, која предизвикува непријатност и вознемиреност;

6. Непријатност од бучава значи вознемиреност предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определно време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одморот и спиење на луѓето;

7. Вознемиреност од бучава значи степенот на вознемиреност на населението од бучава определена со помош на теренски премери или увиди;

8. Главен пат, во смисла на овој закон, е регионален, национален или меѓународен пат определени од страна на Владата на Република Македонија, по коишто минуваат повеќе од 3.000.000 возила годишно или поради нивото на бучава може да придизвика вознемиреност на луѓето;

9. Главна железничка пруга, во смисла на овој закон, е железничка пруга определена од страна на Владата на Република Македонија, по којашто минуваат повеќе од 30.000 вагони годишно или поради нивото на бучава може да предизвикаат вознемиреност на луѓето;

10. Главен аеродром, во смисла на овој закон, е цивилен аеродром определен од страна на Владата на Република Македонија, по којшто се бележат повеќе од 50.000 движења годишно (под движење се подразбира полетување или слетување), исклучувајќи ги движењата коишто се единствено заради обука на лесни летала или поради нивото на бучава може да придизвика вознемиреност на луѓето;

11. Гранична вредност е вредност на Лдвн (Lden) или на Лн (Ln), а онаму каде што е соодветно на Лд (Ld) и Лв (Le), определена од страна на органите на државната управа, чиешто надминување предизвикува обврска надлежните органи да разгледаат или да применат мерки за ублажување и заштита од бучава. Граничните вредности можат да бидат различни за различни типови на бучава (бучава од патен, железнички, воздушен сообраќај, индустриска бучава итн.), за различни околини и различна чувствителност на бучава на населението. Тие, исто така, можат да бидат различни за постојни состојби и за нови состојби (каде што постои промена на состојбата во однос на изворот на бучавата или користењето на околината);

12. Градба како извор на бучава е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко-технолошка и градежна целина заедно со вградените инсталации, односно опрема и градба што не настанала со изградба, доколку со неа се менува намената на земјиштето;

13. Градежни активности, како извор на бучава се оние активности кои произлегуваат од градежната опрема која се употребува при изградба, пренамена, реновирање, рушење и/или отстранување на градба или нејзина структура, вклучувајќи ги и активностите поврзани со расчистувањето, ископувањето и/или уредувањето на земјиштето;

14. Дополнителен индикатор за бучава е посебен индикатор на бучава со соодветни гранични вредности, кој се применува по потреба;

15. Емисија на звук е вкупно ниво на звук, кое изворот го предава во околниот простор;

16. Емисија на бучава е вкупно ниво на бучава, кое изворот го предава во околниот простор;

17. Зона е дел од територијата на Република Македонија со дефинирани граници, според целите на оценување и управување со бучавата;

18. Затворено место за престојување е просторија во становите и јавните градби наменети за престојување на луѓе;

19. Индикатор за бучава е физичка скала за опишување на бучавата во животната средина, која е поврзана со штетен ефект;

20. Извор на бучава е градба, постројка, опрема, инсталација, уред, средство и апарат кој со работа/дејност или употреба предизвикува постојана или повремена бучава, бучна активност од луѓе и животни, вклучувајќи ги градежните активности, како и други активности од кои се шири и/или врши емисија на звук во средината;

21. Имисија на звук е вкупно ниво на звук на местото на приемање, кој го сочинува основното ниво и ниво од одредени извори;

22. Имисија на бучава е ниво на бучава на одредено место во надворешната средина, кое е произлезено од емисија на еден или повеќе извори на бучава (во натамошниот текст: ниво на бучава) и се изразува во децибели dB(A);

23. Инсталација, како извор на бучава, е техничка единица во која се вршат едно или повеќе дејства во рамките на индустриска или трговска активност/дејност непосредно поврзана со нив и/или се технички поврзани со дејствата што се изведуваат на таа локација, а кои би можеле да имаат ефект врз нивото на бучавата;

24. Јавност е едно или повеќе физички или правни лица и во согласност со закон формирани организации и здруженија на граѓани;

25. Карта на бучава за тековната година е карта на која се претставени податоците за постоечката состојба на бучавата во тековната година;

26. Катастар на создавачи на бучава е квантитативна и квалитативна евиденција на изворите на бучава во кој е вклучена и карта на извори на бучава;

27. Lдвн (Lden) (индикатор за бучава преку ден-вечер-ноќ) значи индикатор за бучава за општата вознемиреност, поблиску дефиниран во членот 10 од овој закон;

28. Lд (L) (индикатор за бучава преку ден) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на денскиот период;

29. Lв (Le) (индикатор за бучава во текот на вечерта) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на вечерниот период;

30. Lн (Ln) (индикатор за бучава преку ноќ) значи индикатор за бучава за вознемиреност во текот на ноќниот период;

31. Lек (Lq) (еквивалентно ниво на бучава) е индикатор за бучавата пресметан од измерените нивоа на бучава во еден временски интервал;

32. Метод на оценување е метод употребен за пресметување, предвидување, проценување и мерење на вредноста на индикаторот за бучава и на штетните ефекти поврзани со нив;

33. Место за престојување е секој отворен или затворен простор во кој луѓето престојуваат трајно или привремено;

34. Мониторинг на бучавата е систематизирано мерење, следење и контрола на состојбите на бучавата во медиумите и областите на животната средина;

35. Надлежен орган за вршење на стручни работи за управување со бучавата во областа на животната средина е Управата за животна средина;

36. Ниво на бучава претставува вредноста на измерениот звучен притисок или интензитет изразена во децибели dB A;

37. Нанесување на бучава на карта е претставување на податоци за постојната или за предвидената состојба на бучавата преку индикатор за ниво на бучава со посочување на надминување на која и да било утврдена гранична вредност, бројот на луѓето кои се погодени во определено подрачје или бројот на становите изложени на утврдени вредности на индикатор на ниво на бучава во определено подрачје;

38. Населено место во смисла на овој закон претставува подрачје на една или повеќе општини и/или дел од подрачје на од општина определено од страна на Владата на Република Македонија, во кое поради густината на населеност се смета за урбанизирана област и поради нивото на бучава што постои во него, потребно е да се преземат мерки за намалување на бучавата во животната средина;

39. Оценување е метод употребен за пресметување, предвидување, проценување и мерење на вредноста на индикаторот за бучава во животната средина или на односните штетни ефекти;

40. Однос доза-ефект е однос меѓу вредноста на индикаторот за бучава и штетниот ефект;

41. Отворено место за престојување е секое место на кое престојуваат луѓе заради одмор, забава или рекреација;

42. Основно ниво на бучава е ниво на бучава кога одреден испитуван извор на бучава не работи;

43. Опрема, како извор на бучава, се поединечни уреди, процесни инсталации и други производи од кои се состои постројката или самостојно се вградени и/или внесени во градбата со кои се вршат активности и/или служат за вршење на технолошки или друг процес;

44. Постројка, како извор на бучава, е збир на поврзана опрема која служи за остварување на технолошкиот или друг процес согласно со намената на градбата;

45. Подрачје од посебен интерес е заштитено подрачје утврдено со закон;

46. Превозни средства, како извори на бучава, се сите средства за превоз на луѓе, стока, производи и слично, кои се учесници во патниот, железничкиот, воздушниот и водниот сообраќај;

47. Работен простор, како извор на бучава, е секој отворен или затворен простор во кој луѓето работат со средства и опрема за работа;

48. Стратешка карта на бучава е карта изготвена за глобално оценување на утврдена изложеност на бучава во определено подрачје како резултат од различни извори на бучава и/или за општи предвидувања за тоа подрачје;

49. Стандарди за заштита од бучава се стандарди кои треба да ги исполнат објектите, опремата, постројките, инсталациите, апаратите за домаќинство, превозните средства и други уреди и опрема со цел да се обезбеди заштита од бучава;

50. Соседство претставува подрачје каде што во непосредна соседна близина постојат места за престојување, вклучувајќи ги станбените згради и индивидуалните куќи;

51. Стручни работи за заштита од бучава се работи за спроведување на мерења и оценување на утврдените состојби со бучавата, како и на активности за спречување или намалување и отстранување на опасностите од бучава за животната средина и здравјето на луѓето;

52. Тивка област е област, одредена од надлежниот орган, којашто не е изложена на вредност на Lдвн или на друг соодветен индикатор за бучава поголема од определена вредност утврдена од надлежен орган, од кој било извор на бучава;

53. Тивка област во природа е област определена од надлежниот орган којашто не е нарушена од бучава од сообраќај, индустрија или рекреативни активности;

54. Управување со податоци е собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на сеопфатни, точни и јавно достапни податоци и информации за состојбите, квалитетот и промените на бучавата;

55. Физичко лице е трговец поединец кој согласно со Законот за трговските друштва е запишан во трговскиот регистар за вршење на соодветна дејност, како и секој граѓанин, занаетчија и земјоделец и други вршители на професионална дејност;

56. Штетни ефекти се негативни ефекти врз здравјето на луѓето и

57. Надворешна средина е простор околу изворот на бучавата каде што се мери нивото на бучавата.

## III. ИЗВОРИ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 8

### Општи извори на бучава во животната средина

(1) Како општи извори на бучава во животната средина согласно со овој закон се:

- индустриска, стопанска, занаетчиска или друга производна постројка или инсталација, како и друга опрема,

- градежни активности,

- главен пат-патна, прекуводна и железничка инфраструктура,

- аеродром или хелидром место за полетување и слетување,

- полигон за потребите на заштита и спасување,

- улична инфраструктура,

- затворен (во објект) или отворен паркинг,

- градби за домување и престојување на луѓе (соседство),

- градби за спортски или други јавни приредби,

- објект  во кој се употребуваат звучни уреди,

- апарати за домаќинството,

- автодроми, забавни паркови, спортски стрелишта, крајбрежни рекреативни локации и слични постројки за забава,

- отворено или прекриено градилиште и

- како и други извори на бучава од кои се создава бучава поголема од пропишаната.

(2) Како општ извор на бучава се смета и изведување на јавна приредба, јавен собир и секаква употреба на звучна и друга опрема, која предизвикува бучава, ако активноста се одвива на јавно место, на отворен простор или во градба која не е наменета за таква дејност.

## IV. ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА НИВО НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 9

(1) Забрането е емитирање на бучава во животната средина која е над пропишаните гранични вредности.

(2) За избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти врз човековото здравје и врз животната средина, се пропишуваат гранични вредности на ниво на бучава кои се однесуваат за ограничување на нивоата на сите извори на бучава, вклучувајќи ги временскиот период, местоположбата на изворот и видовите на подрачјата и областите во кои се создава бучава.

(3) Граничните вредности на бучавата од ставот (2) на овој член се изразуваат со помош на индикатори за бучава во животната средина согласно со овој закон.

(4) Граничните вредности на нивото на бучава од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

## V. ИНДИКАТОРИ ЗА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 10

Индикатори за бучава во животната средина

(1) Индикаторите за бучава се користат со цел да се утврдат стандардите за заштита од бучава и нивото на бучава во животната средина, односно граничните вредности на бучавата во животната средина, процена и предвидување на состојбата со бучавата, изработка на стратешки карти на бучава и планирање на мерки за заштита од бучава.

(2) Индикатори на бучава, во смисла на овој закон, се:

1) индикатор на вкупна изложеност на бучава (целодневна бучава) во животната средина;

2) индикатор за изложеност на бучава во текот на ноќта;

3) индикатор за изложеност на бучава во текот на денот;

4) индикатор за изложеност на бучава во текот на вечерта и

5) дополнителни индикатори за бучава.

(3) Интензитетот на целодневната бучава се определува со изразот:

(4) Примената на индикаторите за бучава, дополнителните индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикатори за бучава во животната средина ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

## VI. УПРАВУВАЊЕ СО БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 11

### Управување со бучава

Управувањето со бучавата се врши преку:

1) методи на оценување со индикатори за бучава;

2) методи на оценување за штетни ефекти;

3) донесување и спроведување на плански документи, како и

4) преземање на мерки за заштита од бучава во животната средина.

## 1. МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ СО ИНДИКАТОРИ НА БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 12

### Мерење и пресметување

Вредностите на индикаторите на бучава во животната средина можат да се определат со мерење (на местото на оценувањето) и со пресметување.

## 2. МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ШТЕТНИ ЕФЕКТИ

### Член 13

### Оценување на штетни ефекти

(1) Штетните ефекти од бучавата врз здравјето на луѓето се оценуваат со помош на односот доза-ефект. Односите доза - ефект се определуваат како однос меѓу Ldvn и вознемиреноста и однос меѓу Ln и нарушеноста на сонот.

(2) Методите на оценување на штетни ефекти од бучавата врз здравјето на луѓето ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(3) Процената на штетните ефекти врз здравјето на луѓето при зголемено ниво на бучава ја вршат надлежните здравствени установи.

## 3. ДОНЕСУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

### Член 14

### Плански документи

(1) Заради реализирање на поставените цели согласно со овој закон, како и заради нивно планирање се изработуваат:

- стратешки карти за бучава и

- акциони планови за бучава.

(2) Стратешките карти за бучава од ставот (1) алинеја 1 на овој член се јавуваат како:

1) стратешки карти за бучава за агломерации;

2) стратешки карти за бучава за главни патишта;

3) стратешки карти за бучава за главни железнички пруги;

4) стратешки карти за бучава за главни аеродроми;

5) стратешки карти за бучава за населени места и

6) стратешки карти за бучава за подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација.

### Член 15

Стратешко нанесување на бучавата во животната средина на карта

(1) Стратешките карти за бучава задолжително се изработуваат за сите агломерации, главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми на територијата на Република Македонија. Стратешките карти за бучава за населени места и подрачја од посебен интерес се изработуваат по потреба врз основа на одлука донесена од правното лице кое управува со подрачјето.

(2) За изработка, донесување, користење и чување на стратешки карти за бучава се надлежни:

- советот на општините и на градот Скопје на предлог на градоначалникот на општините и на градот Скопје - за агломерации и за населени места,

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за - главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми и

- правното лице кое управува со подрачјето од посебен интерес за стратешката карта за бучава за подрачје од посебен интерес.

(3) Органите и правното лице од ставот (2) на овој член, другите органи на државната управа, како и правните и физички лица од подрачјата за кои се опфатени во стратешките карти за бучава, се должни меѓусебно да соработуваат и да разменуваат податоци и информации заради изработката на стратешките карти за бучава.

(4) Стратешките карти за бучава особено содржат текст, графички приказ и прилози за:

- претходна, постојна и очекувана состојба на бучава, определена врз основа на вредностите на индикаторите за бучава;

- надминување на граничните вредности на индикаторите за бучава;

- проценет број на станови, детски, образовни и здравствени установи во определено подрачје, коишто се изложени на зголемени вредности на индикаторите на бучава и

- проценет број на луѓето кои живеат во подрачјето изложено на бучава.

(5) Органите и правните лица надлежни за изработка на стратешките карти за бучава од ставот (2) на овој член, при нанесувањето на бучавата на стратешката карта за територија во близина на меѓународна граница се должни да соработуваат со органите надлежните за донесување на стратешките карти за бучава од соседната држава.

(6) Начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава со органите надлежни за донесување на стратешки карти за бучава од соседната држава го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешни работи.

(7) Со стратешките карти за бучава се определуваат приоритетните подрачја во коишто е забележано надминување на вредностите на определен индикатор, а кој може да предизвика штетно дејство врз здравјето на луѓето, и за коишто треба да се подготвуваат акциони планови за бучава.

(8) Стратешките карти за бучава се изработуваат, за период од пет години и се ревидираат на секоја петта година.

(9) Градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје, односно органот надлежен за подрачјето од посебен интерес, се должни да ги доставaт на одобрување стратешките карти за бучава до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на нивното изработување. Стратешките карти за бучава кои се однесуваат на главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми на територијата на Република Македонија, се одобруваат од страна на Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(10) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги собира, чува и евидентира одобрените стратешките карти за бучава.

(11) Поблиската содржина на стратешките карти на бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на стратешките карти за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(12) Податоците од стратешките карти за бучава задолжително се користат при изработката на просторните и урбанистичките планови.

Член 16

Определување на објектите за изработка на стратешки карти за бучава

(1) Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги пропишува агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава, како и надлежната општина за изработка на стратешката карта за бучава во случај кога агломерацијата опфаќа подрачја на повеќе општини и начинот на нивната соработка и организација.

(2) Владата на Република Македонија на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, ги пропишува населените места и подрачја од посебен интерес кои не припаѓаат во утврдената агломерација за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава.

Член 17

Акциони планови за бучава во животната средина

(1) Врз основа на стратешките карти за бучава се изготвуваат акциони планови за бучава во животната средина.

(2) За изработка, донесување, користење и чување на акционите планови за бучава надлежни се:

- советот на општините, односно Советот на градот Скопје на предлог на градоначалниците на општините, односно градоначалникот на градот Скопје - за агломерации и за населени места;

- министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за - главни патишта, главни железнички пруги, главни аеродроми и водни пристаништа и

- правното лице кое управува со подрачјето од посебен интерес за стратешката карта за бучава за подрачје од посебен интерес.

(3) Органите од ставот (2) на овој член, другите органи на државната управа, како и правните и физички лица од подрачјата за кои се опфатени во стратешките карти за бучава, се должни меѓусебно да соработуваат и да разменуваат податоци и информации заради изработка на акционите планови за бучава.

(4) Акционите планови за бучава од ставот (1) на овој член особено содржат анализи на постојната состојба со бучавата, процена, предвидувања и мерки за намалување и спречување на бучавата, поврзани со надминување на граничните вредности на определен индикатор на бучава во подрачјата на агломерациите, населените места и подрачја од посебен интерес, и во близина на главните патишта, главните железнички пруги, главните аеродроми на територијата на Република Македонија.

(5) Акционите планови за бучава се изработуваат за период од пет години и се ревидираат на секоја петта година.

(6) Мерките за спречување и намалување на бучавата предвидени во акционите планови за бучава, во определените рокови се остваруваат од страна на надлежните органи, како и на сопствениците и корисниците на објектите и постројките кои се евидентирани како извори на бучава во акционите планови за бучава, вклучувајќи ги и операторите на инсталациите со А и Б интегрирани еколошки дозволи, како и создавачите на бучава евидентирани во катастарот на создавачи на бучава.

(7) Мерките за спречување и намалување на бучавата во отворениот простор произлезени од стопански инсталации и постројки, се регулираат во согласност со одредбите од Законот за животната средина кои се однесуваат на А интегрирана еколошка дозвола и Б интегрирана еколошка дозвола.

(8) Органите и правните лица надлежни за изработка на акционите планови за бучава се должни да соработуваат со органите надлежни за изработка на акциони планови за бучава од соседната држава.

(9) Начинот на соработката на органите надлежни за изработка на акционите планови за бучава со органите надлежни за изработка на акционите планови за бучава од соседната држава го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на надворешни работи.

(10) Општините и градот Скопје, како и правните лица кои управуваат со подрачјата од посебен интерес, се должни акционите планови за бучава да ги доставуваат на одобрување до органот на државната управа

надлежен за работите од областа на животната средина, во рок од 30 дена од денот на нивното изработување. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да ги собира, чува и евидентира акционите планови за бучава.

(11) Поблиската содржина на акционите планови за бучава, начинот на изработката и начинот на собирање на податоци за изработка на акционите планови за бучава, како и начинот на нивното собирање, чување и евидентирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 18

Учество на јавноста при планирањето на заштитата од бучава во животната средина

(1) При изготвување на акционите планови за бучава надлежните органи организираат јавна расправа на која може да учествуваат сите заинтересирани субјекти: органите на државната управа, правни и физички лица, јавни установи, научни и стручни институции, граѓански здруженија, урбани заедници, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје како и други заинтересирани субјекти.

(2) Надлежните органи за изработка на акционите планови за бучава во животната средина овозможуваат увид на јавноста по Предлогот на акционите планови за бучава во временски период од 30 работни дена, пред одржувањето на јавната расправа. Тие ги информираат субјектите од ставот (1) на овој член преку средствата за јавно информирање преку:

- објава во најмалку еден весник кој се издава на целата територија на Република Македонија и/или

- на друг соодветен начин, за местото каде што може да се изврши увид во предложените акциони планови за бучава, заедно со информацијата за постапката за учество на јавноста, како и за начинот, местото и датумот за спроведување на јавната расправа.

(3) Надлежните органи за донесување на акционите планови за бучава се должни при изработката на планскиот документ да ги земат предвид мислењата на јавноста добиени согласно со ставот (2) од овој член, за што подготвуваат посебен извештај, кој е составен дел од документацијата за усвојување која се доставува до органот надлежен за нивно усвојување.

(4) Начинот на објавување на информациите и учеството на јавноста во постапката на изготвување на акционите планови за бучава од ставот (1) на овој член и начинот на подготвувањето на извештајот од јавната расправа од ставот (3) на овој член се спроведуваат согласно со одредбите за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од Законот за животната средина.

## VII. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 19

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

(1) Правните и физички лица се должни да ги преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава,

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава,

- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,

- да изведуваат градежни работи, како и да преземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзино доведување во рамките на граничните вредности на ниво на бучава,

- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесувааат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството,

- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава,

- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување на бучава во животната средина над граничните вредности на ниво на бучава,

- да се воздржуваат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето,

- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и

- да преземаат други мерки со цел за заштита од бучава.

(2) Органите на државната управа, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се должни да ги преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да спроведуваат мониторинг на бучавата согласно со програмите за мониторинг на државните и локални мрежи за мониторинг на бучавата во животната средина;

- да преземаат повремено ограничување на емисијата на бучавата од изворите на бучава;

- да ограничат или забранат емисија на звук од изворот што го предава;

- да вршат акустични мерења за проверка и постојан надзор на состојбата со бучавата;

- да применуваат акустични заштитни мерки врз основа на мерење и анализа на бучава на местата на емисија, на патиштата на ширење на бучавата и на местата на имисија на бучава;

- да спроведуваат планирано лоцирање во просторот на изворите на бучава и/или градби, како и да предвидуваат содржини кои треба да бидат заштитени од бучава;

- да го прилагодуваат нивото на бучава предизвикано од други самостојни звучни извори во рамките на утврдените гранични вредности, а во зависност од временскиот период;

- во просторните и урбанистичките планови да обезбедуваат спроведување на мерки и услови за заштита од бучава преку меѓусебен распоред во просторот на инфраструктурата, индустриските, станбените, рекреативните и други објекти и да планираат тивки зони и да утврдуваат посебен режим на користење на тивките зони;

- да ја информираат јавноста за состојбата на бучавата и

- да преземаат други мерки со цел за заштита од бучава.

Член 20

Времетраење на денонoќие

Заштитата од бучава се спроведува денонoќно, при што за потребите на овој закон се смета дека денот трае 12 часа од 7,00 до 19,00 часот, вечерта трае 4 часа од 19,00 до 23,00 часот и ноќта трае 8 часа од 23,00 до 7,00 часот.

Член 21

Забрана за пуштање во промет, користење и производство

(1) Се забранува пуштање во промет, користење и производство на машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството, кои не се прилагодени на пропишаните технички нормативи и стандарди за заштита од бучава кои се однесуваат на граничните вредности на бучава што ја произведуваат под одредени услови на употреба и кои немаат ознака со податоци за јачината на звукот што ја емитираат.

(2) Податоците за јачината на звукот која ја емитираат средствата, уредите, апаратите и опремата од ставот (1) на овој член, треба да бидат означени на производот во согласност со македонските стандарди, како и стандардите и препораките на Европската унија.

Член 22

Содржина за заштита од бучава при планирањето на просторот

(1) Просторните и урбанистичките планови и актите за нивно спроведување, во рамките на содржината за заштита, треба да содржат и заштитни мерки за бучава.

(2) Заштитните мерки за бучава од ставот (1) на овој член кои треба да ги содржат просторните и урбанистичките планови ќе ги пропише министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 23

Стандарди за заштита од бучава при градби

(1) При постапката за издавање одобрение за градба, органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот и градоначалниците на општините и на општините во градот Скопје, се должни да утврдат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава, и тоа:

- дали нивото на бучава, кое е последица на употреба или работа на извор, нема да ги надмине пропишаните гранични вредности на нивото на емисија на изворот на бучава,

- дали се обезбедени мерките за заштита од бучава, за спречување или намалување на нивото на бучава, како последица од употреба или работа на некој извор на бучава во објектот,

- дали во подрачјата на зголемен патен, железнички, воздушен и/или прекуводен сообраќај нема да се пречекорат граничните вредности на нивоата на бучава, како последица од употреба или работа на изворот на бучава и

- дали се обезбедени други услови и мерки кои се неопходни за заштита од бучава согласно со специфичната намена на објектот и неговата местоположба.

(2) При избор на условите и мерките за заштита од бучава од ставот (1) алинеја 2 на овој член, предност имаат условите и мерките за намалување на емисијата на бучава во нејзиниот извор, во однос на мерките за спречување и ширење на бучавата.

## VIII. МОНИТОРИНГ НА БУЧАВАТА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Член 24

### Цели на мониторингот

(1) Мониторингот на состојбата во областа на бучавата (во натамошниот текст: мониторинг) се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

(2) Целта на мониторингот на бучавата е воспоставување на единство и стандарди во создавањето и функционирањето на системите за мониторинг и контрола и одржување на сеопфатна база на податоци потребни за преглед и управување со состојбите со бучавата преку:

- систематско следење, набљудување, мерење и оценување на состојбата со бучавата и влијанието на промените во областа на бучавата,

- идентификација, планирање и распределба на изворите на бучава,

- процена на штетните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина од создадената бучава,

- утврдување и предлагање на мерки за подобрување на состојбите со бучавата и

- користење на други методи за утврдување, оценување и унапредување на состојбата на бучавата, особено со моделирање и идентификацијата на идните проблеми.

Член 25

Мониторинг на бучавата во животната средина

Со мониторинг на бучавата се обезбедуваат следниве податоци:

1) податоци за емисиите на бучава од подвижните извори;

2) податоци за емисиите на бучава од стационарни извори;

3) податоци за утврдено ниво на бучава, на одредени места за престојување;

4) податоци од државни органи, научни и стручни организации и институции и други правни лица кои вршат мерења и следење на состојбата на бучавата од сите извори на бучава;

5) податоци од оценувањето на состојбата на бучавата;

6) податоци за алармирање и мерките за заштита на здравјето на луѓето и за унапредување на состојбите на бучавата и

7) други податоци кои се однесуваат на бучавата.

Член 26

Државна мрежа за мониторинг

(1) За мониторинг на бучавата на територијата на Република Македонија, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина воспоставува државна мрежа за мониторинг на бучавата (во натамошниот текст: државна мрежа).

(2) Со државната мрежа се обезбедува постојан мониторинг на бучавата која е составен дел од целокупниот мониторинг за животната средина.

(3) Органот на државна управа надлежен за работите од областа животната средина врши следење на состојбата со бучавата преку државната мрежа и управува со државната мрежа, согласно со овој закон и Законот за животната средина.

Член 27

Локални мрежи за мониторинг

За мониторинг на бучавата на подрачјето на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје можат да воспостават локални мрежи за мониторинг по претходно добиено мислење од надлежениот орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина, а под услови и начин уредени со овој закон и Законот за животната средина.

Член 28

Програми за мониторинг

(1) Министерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на животната средина донесува годишна програма за работа на државната мрежа за мониторингот на бучавата.

(2) Општините и градот Скопје донесуваат годишна програма за работа на локалната мрежа за мониторингот на бучавата, која ја доставуваат на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 29

Мерни станици и мерни места

(1) Мониторингот на состојбата во областа на бучавата се врши преку мерни станици и мерни места, а особено кај:

- градби наменети за воспитување и образование, здравствени установи и простори во агломерациите, индустриските и други подрачја, патишта, аеродроми и железници,

- заштитени подрачја прогласени согласно со Законот за заштита на природата, чувствителни еколошки системи, како и места од културно и природно наследство и

- други подрачја или објекти кои согласно со нивната намена или значење се од важност за утврдување на состојбата со бучавата.

(2) Локациите на мерните станици и мерните места ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работата од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 30

Методологија за мониторинг

Начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите, методологијата и начинот за мониторинг, како и условите, начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на состојбата во областа на бучавата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 31

Вршење на мониторинг

(1) Определени стручни работи за мониторинг на бучавата можат да вршат и овластени научни, стручни организации и институции, како и други правни и физички лица под услови и на начин утврдени со овој закон.

(2) За вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучавата, субјектите од ставот (1) на овој член се овластуваат од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, при што особено треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да бидат акредитирани согласно со Законот за акредитација,

- да имаат вработено најмалку едно лице кое има завршено висока стручна подготовка - дипломиран инженер од областа на техничките науки: животната средина, архитектурата, градежништвото, машинството, електро и дипломиран физичар и/или - доктор специјалист по хигиена и/или - здравствена екологија, кое има најмалку три години работно искуство и

- да поседуваат опрема за мерење на бучавата.

(3) Поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат субјектите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(4) Градоначалниците на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, согласно со неговата надлежност, можат мониторингот за подрачјето на својата општина за поединечните извори, да го довери на субјект од ставот (1) на овој член да го врши во негово име и за негова сметка.

(5) Две или повеќе општини и/или градот Скопје можат да основаат заедничка служба која ќе врши мониторинг на подрачјето на општините или градот Скопје, или да го доверат на субјект од ставот (1) на овој член да го вршат мониторингот во нивно име и за нивна сметка, што се уредува со посебен договор.

(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина води евиденција на овластените субјекти од ставот (1) на овој член.

Член 32

Доставување на податоци и информации од мониторингот

(1) Градоначалниците на општините, на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје и други субјекти кои вршат мониторинг на состојбата со бучавата согласно со овој закон, се должни податоците и информациите од мониторингот да ги доставуваат без надоместок до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, согласно со Законот за животната средина.

(2) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина подготвува и доставува извештаи од мониторингот, за потребите на органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските, органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, надлежен центар за известување и тревожење, како и до градоначалниците на општините, на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје и други државни органи и институции.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина заради реализација на обврските од меѓународните договори кои ги ратификувала или на кои им пристапила Република Македонија е

надлежен орган за презентација на податоците за состојбата со бучавата, согласно со овој закон и Законот за животната средина.

## IX. ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ

### Член 33

### Информативен систем за состојбата со бучавата во животната средина

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го воспоставува и управува со единствениот информативен систем за состојбата со бучавата во животната средина (во натамошниот текст: информативен систем) кој е дел на севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија согласно со овој закон и Законот за животната средина.

(2) Собраните, обработените и верификуваните податоци и информации за состојбата со бучавата во животната средина претставуваат официјална база на податоци за состојбата со бучавата во животната средина, која служи како основа за управување и заштита од бучава.

### Член 34

### База на податоци за состојбата со бучавата во животната средина

Информативниот систем за состојбата со бучавата во животната средина опфаќа:

1) податоци добиени со мониторингот на бучавата во животната средина согласно со членот 25 од овој закон;

2) податоци од стратешките карти за бучава;

3) податоци од акционите планови за бучава и

4) други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.

### Член 35

### Катастар на создавачи на бучава во животната средина

(1) Катастар на создавачите на бучава во животната средина е дел од Катастарот за животната средина што го воспоставува и го води надлежниот орган за вршење на стручни работи во областа на животната средина, согласно со овој закон и Законот за животната средина.

(2) Катастарот од ставот (1) на овој член содржи податоци за изворите на бучава, а особено податоци за:

- името или називот и адреса на субјектот,

- видот на изворот на бучава,

- микро и макро локација на изворот на бучава,

- краток опис на активностите и/или на технолошкиот процес,

- значајни податоци кои се однесуваат на јачината на бучавата која се емитира,

- податоци, поврзани со издавање на согласности, дозволи и промени во дозволите и согласностите и други релевантни податоци, кои се однесуваат на состојбите со бучавата,

- контролата што се врши, за утврдените состојби и за преземените мерки за заштита од бучава и

- други податоци за изворите на бучава кои се релевантни за одредување на состојбата со бучавата во животната средина.

(3) Правните и физичките лица се должни да доставуваат податоци за изготвување и одржување на Катастарот од ставот (1) на овој член, во согласност со одредбите од Законот за животната средина кои се однесуваат на информативниот систем.

(4) Податоците од Катастарот од ставот (1) на овој член претставува составен дел на информативниот систем за животна средина.

(5) Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, за своите подрачја, можат да воспоставаат и одржуваат Катастар на создавачите на бучава во животната средина. Градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје, податоците од катастарот најмалку еднаш месечно ги доставуваат до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 36

Информирање на јавноста за состојбата со бучавата во животната средина

(1) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, изготвува извештаи за состојбата со бучавата, како составен дел на извештајот за состојбата на животната средина, согласно со Законот за животната средина, како и други видови на извештаи во согласност со обврските од меѓународните договори, кои ги ратификувала или на кои им пристапила Република Македонија.

(2) Органот на државната управа надлежен за работата од областа на животната средина е должен во текот на годината да ја информира навремено и точно јавноста за тековната состојба со бучавата во животната средина, постигнатото унапредување, идните планови и насоки за подобрување на состојбата со бучавата во животната средина.

(3) Градоначалниците на општините и градот Скопје се должни да ги објавуваат стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава согласно со членовите 15 и 17 на овој закон, како и да известуваат за други мерки за заштита од бучавата и за мерките и активностите за подобрување на општата состојба на своето подрачје, реализирани во претходната година и за предвидените активности за наредната година.

(4) Содржината и начинот за информирање и известување за состојбите во заштитата од бучавата се врши согласно со Законот за животната средина.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, како и надлежните здравствени установи кои вршат процена на штетните ефекти врз здравјето на луѓето кои се изложени на зголемено ниво на бучава и здравствените ефекти на луѓето кои се изложени на бучава, се должни редовно да ги информираат засегнатото население и надлежните органи, за превенцијата и намалувањето на бучавата и на потенцијалните негативни здравствени ефекти од бучавата.

Член 37

Пристап до информации

(1) Податоците и информациите од информативниот систем за состојбата со бучавата во животната средина се достапни за јавноста.

(2) Надлежните органи и други правни лица коишто имаат податоци и информации за состојбата со бучавата се должни да обезбедат пристап на јавноста до нив, во пропишана форма, на начин и постапка утврдени со Законот за животната средина.

## X. УСЛОВИ И ТЕХНИЧКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ПОСЕБНИ ИЗВОРИ

Член 38

Бучава во животната средина предизвикана од патен, железнички,воздушен и воден сообраќај

(1) Како посебен извор на бучава во животната средина особено се сметаат:

- патниот сообраќај, односно моторни возила кои имаат најмалку четири тркала и максималната брзина која надминува 25 километри на час,

- железничкиот сообраќај, односно железнички систем, железнички превоз и железничка инфраструктура,

- сообраќај, односно авиони со максимална маса на полетување од 34.000 кг или повеќе со максимален внатрешен сместувачки капацитет од над 19 патнички седишта, исклучувајќи ги седиштата за екипажот и

- водниот сообраќај, односно пловни објекти во внатрешните води.

(2) Поблиските видови на посебни извори на бучава од ставот (1) на овој член, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и водни сообраќај, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.

Член 39

Бучава во животната средина предизвикана од постројки, опрема, инсталации и уреди кои се употребуваат на отворен простор

(1) Како посебни извори на бучава во животната средина особено се сметаат:

- постројки, опрема, инсталации и уреди кои се употребуваат на отворен простор во кои особено спаѓаат:

1) машински уреди, апарати и/или средства што се самодвижечки или можат да се придвижат со погонскиот елемент и

2) непогонска опрема за индустриска примена.

(2) Поблиските видови на посебни извори на бучава од ставот (1) на овој член, како и условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 40

Бучава во животната средина предизвикана од уреди, средства и апарати за користење во домаќинство

(1) Како посебни извори на бучава во животната средина особено се сметаат и уредите, средствата и апаратите кои се употребуваат во домаќинството во кои спаѓаат машини, делови од машини или инсталации произведени, главно, за користење во станови, вклучувајќи подруми, гаражи и други помошни објекти, како и апарати за домаќинството кои служат за одржување, чистење, подготвување и чување на храна, производство и дистрибуција на разладување и топлина, климатизација и други апарати кои се користат за непрофесионални цели.

(2) Поблиските видови на посебни извори на бучава од ставот (1) на овој член, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучавата, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот и социјалата и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

Член 41

Бучава во животната средина предизвикана од соседство

(1) Како посебен извор на бучава во животната средина се сметаат активностите на соседите, вклучувајќи ги и градежните активности во соседството, како и активностите, уредите, средствата и апаратите кои се спроведуваат, односно употребуваат во соседството за професионални цели.

(2) Поблиските видови на посебни извори на бучава од ставот (1) на овој член, условите за заштита од бучавата предизвикана од посебните извори од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспортот и врските и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.

(3) Градежни активности во станбени згради можат да се вршат само во текот на денот.

(4) Извршителот на градежните активности е должен работите да ги извршува во најкраток можен период и на начин кој предизвикува најмала можна бучава. Извршителот на градежни активности е должен да обезбеди во текот на денот најмалку два часа за одмор, чие време го уредува во договор со куќниот совет на станбената зграда.

(5) По исклучок од ставот (3) на овој член извршителот на градежните активности во случај на опасност или да спречи некоја друга опасност може градежните активности да ги врши и подолго за што задолжително го информира куќниот совет.

(6) Куќниот совет е должен да му овозможи на извршителот 10 работни часа во текот на денот во кои ќе се извршуваат градежните активности.

(7) Во станбените згради каде што не постои куќен совет извршувањето на градежните активности се уредува со меѓусебен договор со станарите, при што соодветно се применуваат одредбите од овој член.

Член 42

Бучава во животната средина предизвикана од друга самостојна звучна опрема

Бучава предизвикана од други самостојни звучни извори во зависност од временскиот период и местоположбата на изворот треба да биде во рамките на граничните вредности на ниво на бучава, утврдени согласно со прописот од членот 9 став (4) на овој закон.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 43

Извори на финансирање

(1) Средствата за управување со бучавата во животната средина за кои е надлежен органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, како и од други извори на средства утврдени со закон.

(2) Со средствата од ставот (1) на овој член се финансира Годишната програма за работа на државната мрежа за мониторингот на бучавата во животната средина, изработката на стратешките карти за бучава од членот 14 став (1) алинеја 1 на овој закон и акционите планови за бучава од членот 14 став (1) алинеја 2 на овој закон,

информирање и едукација на населението, како и други мерки за заштита кои се преземаат согласно со овој закон.

(3) Средства за формирање, работење, одржување и развој на државната мрежа од членот 26 на овој закон, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и други извори на средства утврдени со закон.

Член 44

Средства од буџетите на единиците на локалната самоуправа

(1) Средства за управување на бучавата во животната средина за кои надлежност имаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, се обезбедуваат од буџетот на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и од други извори на средства утврдени со закон.

(2) Со средствата од ставот (1) на овој член се финансира Годишната програма за работа на локалната мрежа за мониторингот на бучавата во животната средина, изработката на стратешките карти за бучава од членот 14 став (1) алинеја 1 на овој закон и акционите планови за бучава од членот 14 став (1) алинеја 2 на овој закон, информирање и едукација на населението како и други мерки за заштита кои се преземаат согласно со овој закон.

(3) Средства за формирање, работење, одржување и развој на локалните мрежи од членот 27 на овој закон, се обезбедуваат од буџетот на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и од други извори на средства утврдени со закон.

Член 44-а

Средства од наплата на изречените глоби

Средствата од наплатените глоби изречени од овластените инспектори за животна средина на општините, овластените инспектори за животна средина на градот Скопје и овластените инспектори за животна средина на општините во градот Скопје се приходи на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

XII. НАДЗОР И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Член 45

Надлежни органи

(1) Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

(2) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот инспекторат за животна средина, преку државните инспектори за животна средина.

(3) За работите од надлежност на општините, градот Скопје и на општините во градот Скопје, утврдени со овој закон, инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го

вршат овластени инспектори за животна средина на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје (во натамошниот текст: овластени инспектори за животна средина).

(4) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон кои се однесуваат на мерките за спречување и намалување на штетноста од бучавата по здравјето на изложеното население ја врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

(5) Инспекцискиот надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон кои се однесуваат на пуштањето на пазар, на машините, превозните средства, уредите и опремата за работа и прозводство, како и уреди, средства и апарати за употреба во домаќинството уредени со членовите 21 и 40 од овој закон го врши Државниот пазарен инспекторат, а за ставање во употреба, односно користење на машините, уредите и опремата инспекцискиот надзор го врши Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Член 46

Асистенција при инспекциски надзор

Државните инспектори за животна средина и овластените инспектори за животна средина при преземањето на активности за вршење на инспекциски надзор во областа на заштитата од бучава, можат да побараат соработка од претставници на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи.

Член 47

Постапка за инспекциски надзор

Државните инспектори за животна средина и овластените инспектори за животна средина, инспекцискиот надзор во областа на заштитата од бучавата го спроведуваат во согласност со одредбите на овој закон, Законот за животната средина и Законот за инспекцискиот надзор.

Член 48

Делокруг на надзор на државниот инспектор за животна средина

Во вршењето на надзорот од својот делокруг државниот инспектор за животна средина, согласно со одредбите на овој закон и Законот за животната средина, има право:

1) да врши надзор над примената на мерките за заштита од штетна бучава од инсталации со А-интегрирана еколошка дозвола и Б-интегрирана еколошка дозвола во заштитени подрачја и тоа да утврди дали:

- функционирањето на уредите за мерење на бучавата се спроведува според пропишаните норми и согласно со интегрираните еколошки дозволи,

- операторот на изворот на бучава има обезбедено услови бучавата да биде сведена во пропишаните гранични вредности,

- се намалила бучавата, во случаите кога престанале околностите под кои било појавено повисоко ниво на бучава во пропишаните гранични вредности,

- се применуваат пропишаните мерки за заштита од бучава и

- се исполнети условите за заштита од бучава на постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор;

2) да утврди дали правното и физичкото лице ги презело сите предвидени технички, технолоши и други мерки и ги исполнило предвидените стандарди за доведување на бучавата во рамките на пропишаните гранични вредности за опремата и технолошките процеси што ги употребува, како и за подрачјата и местата за престојување на луѓето;

3) да утврди дали се почитуваат граничните вредности на нивото на бучава од изворите на бучава кои се во исклучителна надлежност на органите на државната управа (член 9);

4) да утврди дали се преземени мерките за заштита од бучава (член 19);

5) да утврди дали се употребуваат уреди и опрема за работа и производство во инсталации (член 21);

6) да утврди дали се обезбедени мерките за заштита од бучава при зголемен патен, железнички, воздушен и/или водни сообраќај (член 38);

7) да утврди дали се исполнуваат условите за заштита од бучава предизвикана од патен, железнички, воздушен и водни сообраќај (член 38) и

8) да утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведувањето на овој закон.

Член 49

Делокруг на надзор на овластениот инспектор за животна средина на општината и градот Скопје

Во вршењето на надзорот од својот делокруг овластениот инспектор за животна средина на општината и на градот Скопје, согласно со одредбите на овој закон и Законот за животна средина, има право:

1) да врши контрола над примената на мерките за заштита од бучава од инсталации со Б-интегрирана еколошка дозвола и во другите објекти утврдени согласно со Законот за животната средина, и тоа дали:

- операторот на изворот на бучава има обезбедено услови бучавата да биде сведена во пропишаните гранични вредности,

- се намалила бучавата, во случаите кога престанале околностите под кои било појавено повисоко ниво на бучава во пропишаните гранични вредности и

- операторот на изворот на бучавата ги презел сите предвидени технички, технолошки и други мерки за доведување на бучавата во пропишаните гранични вредности за опремата, технолошките процеси, градби, постројки и инсталација во подрачјата и местата за престојување на луѓето;

2) да утврди дали правното и физичкото лице ги презело сите предвидени технички, технолоши и други мерки и ги исполнило предвидените стандарди за доведување на бучавата во рамките на пропишаните гранични вредности за опремата и технолошките процеси што ги употребува, како и за подрачјата и местата за престојување на луѓето кои се во исклучителна надлежност на општината и градот Скопје;

3) да утврди дали се почитуваат граничните вредности на нивото на бучава од изворите на бучава кои се во исклучителна надлежност на општината и градот Скопје (член 9);

4) да утврди дали правните и физички лица ги презеле мерките за заштита од бучава од членот 19 став (1) на овој закон;

5) да утврди дали се исполнуваат условите за заштита од бучава предизвикана од постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор (член 39);

6) да утврди дали бучавата предизвикана од други самостојни звучни извори е во рамките на граничните вредности на ниво на бучава (член 42) и

7) да утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведување на овој закон.

Член 50

Делокруг на надзор на овластениот инспектор за животна средина на општината и општината во градот Скопје

(1) Во вршењето на надзорот од својот делокруг овластениот инспектор за животна средина на општината и на општината во градот Скопје, согласно со одредбите на овој закон и Законот за животната средина, има право да врши контрола над примената на мерките за заштита од штетната бучава, и тоа дали;

1) нивото на бучава при вршење на угостителска и туристичка дејност е во рамките на пропишаните гранични вредности;

2) управителот на угостителските и туристичките објекти на изворот на бучава има обезбедено услови бучавата да биде сведена во пропишаните гранични вредности;

3) планските документи за објектите што се предмет за одобрени за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава (член 23);

4) се исполнети условите за заштита од бучава предизвикана од постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор (член 39);

5) се исполнети условите за заштита од бучава предизвикана од активностите на соседите, вклучувајќи ги и градежните активности во соседството, како и активностите, уредите, средствата и апаратите кои се спроведуваат, односно употребуваат во соседството за професионални цели (член 41);

6) активностите утврдени во членот 41 од овој закон се спроведуваат на начин кој обезбедува заштита од бучава;

7) бучавата предизвикана од други самостојни звучни извори е во рамките на граничните вредности на ниво на бучава (член 42) и

8) утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведувањето на овој закон.

(2) Овластениот инспектор за животна средина на општината во Градот Скопје вршењето на инспекцискиот надзор од ставот (1) точки 4 и 7 на овој член го спроведува за оние активности и објекти кои се во исклучива надлежност на општината во градот Скопје.

Член 51

Делокруг на надзор на Државниот пазарен инспекторат

(1) Во вршењето надзор од својот делокруг, државниот пазарен инспекторат има право да:

- утврди дали машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството кои се пуштаат во промет, се користат или се произведуваат се прилагодени на пропишаните технички нормативи и стандарди за заштита од бучавата (член 21 став (1)),

- утврди дали машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството се означени за нивото на јачината на звукот кои го емитираат (член 21 став (2)),

- утврди дали уредите, средствата и апаратите кои се употребуваат во домаќинството во кои спаѓаат машини, делови од машини или инсталации произведени, главно, за користење во станови, вклучувајќи подруми, гаражи и други помошни објекти, како и апарати за домаќинството кои служат за одржување, чистење, подготвување и чување на храна, производство и дистрибуција на разладување и топлина, климатизација и други апарати кои се користат за непрофесионални цели ги исполниле условите за заштита од бучава (член 40) и

- утврдува и други состојби заради обезбедување на спроведувањето на овој закон.

(2) Државниот пазарен инспекторат инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член го врши согласно со овој закон и Законот за пазарна инспекција.

Член 51-а

Постапка за едукација

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот инспектор за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина, односно друг орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, утврди дека е сторена неправилност од членот 57 став (1) точки 3, 5, 6, 8 и 9 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со истовремено врачување на покана за едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за животна средина, овластениот инспектор за животна средина, односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот инспектор, овластениот инспектор за животна средина, односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот инспектор, овластениот инспектор, односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

(9) Државниот инспекторат за животна средина, овластениот инспектор, односно другиот орган на државната управа кој извршил инспекциски надзор води единствена евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

Член 51-б

Извештаи

Државниот инспектор за животна средина, односно овластениот инспектор за животна средина, односно другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор е должен да води евиденција за надзорите и увидите извршени на правните и физичките лица за кои изготвува квартален извештај и истиот го објавува на веб страницата на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, односно на веб страницата на општината, односно градот Скопје, односно на веб страницата на другиот орган на државната управа кој го извршил инспекцискиот надзор.

Член 52

Донесување решенија од инспекторите за животна средина

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите за животна средина од членовите 48, 49 и 50 на овој закон, на правните и/или физичките лица, со решение можат да им наредат:

- во определен временски рок да преземат мерки за намалување на вредноста на имисионото ниво на бучавата во рамките на пропишаните гранични вредности,

- да извршат акустички мерења или оцена на примената на стандардите за заштита од бучава или примената на заштитните мерки за бучава,

- да ја измерат пропустливоста на бучавата меѓу соседите,

- да го утврдат времето на спроведувањето на градежните активности во соседството и заштитните мерки што треба да се преземат за заштита од бучава,

- извршување на акустички мерења кај правните и физички лица кои користат извор на бучава во подрачјата и местата на престојување на луѓето,

- преземање на пропишани и утврдени мерки за заштита од бучава,

- забрана на употреба на изградени, реконструирани градби и адаптирани градби ако не се спроведени пропишаните мерки за заштита од бучава, сé додека тие мерки не се спроведат,

- забрана на употреба на извори на бучава сé додека не се преземат пропишаните мерки за заштита од бучава,

- ограничување или забрана на вршење на дејност и други активности, кои поради создадената бучава, пречат на одморот и ноќниот мир на луѓето, ако тоа не е можно да се постигне со мерката од алинејата 8 на овој став,

- забрана на употреба на машини, транспортни средства, уреди, објекти, поединечни звучни извори и опрема за кои нема податоци од производувачот за нивото на бучава, која ја емитираат на одредени услови на употреба,

- забрана на вршење на дејности и активности ако тие се започнати без акт на надлежните органи, со кои се утврдува дека се спроведени пропишаните мерки за заштита од бучава и

- да го ограничат или забранат вршењето на дејноста или активноста, до исполнување на пропишаните услови и технички мерки и до сведување на бучавата во рамките на пропишаните гранични вредности, а најмногу во рок од 30 дена.

(2) Решението од ставот (1) на овој член може да се изврши, со запечатување на уредот, опремата и просторијата, доколку со мерењето на бучавата се утврди имисија на бучава со повисоко ниво од пропишаните гранични вредности.

(3) Жалба против решението на државниот инспектор за животна средина, може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба во органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина, формирана согласно со Законот за животната средина.

(4) Жалба против решението на овластениот инспектор за животна средина може да се изјави во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата за одлучување по жалба на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје формирана од страна на градоначалникот на општината, општината во градот Скопје и на градот Скопје, согласно со Законот за животната средина.

(5) Жалбата од ставот (3) и ставот (4) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(6) Запечатувањето на уредот, опремата и просторијата од ставот (2) на овој член се врши со означување со жиг на надлежниот инспектор.

(7) Содржината и формата на жигот од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 52-а

Постапување по пријава од физичко или правно лице

(1) Државните инспектори за животна средина и овластените инспектори за животна средина се должни во рок од седум дена од поднесувањето да постапат по иницијативата или пријавата за поведување на инспекциска постапка.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член државните инспектори за животна средина и овластените инспектори за животна средина се должни да го известат подносителот на иницијативата или пријавата за поведување на инспекциска постапка во рок од седум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Член 53

Надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје

(1) Надзорот над законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје се заснова на начелото на законитост, одговорност и самостојност во остварувањето на нивните надлежности.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Член 54

Надлежности во вршење на надзорот над работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје

(1) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги врши следниве работи:

1) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје ги изработиле стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава согласно со членовите 15 и 17 од овој закон;

2) оценува дали при изготвувањето на акционите планови за бучава е обезбедено учество на јавноста (член 18);

3) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје преземаат мерки за заштита од бучава согласно со членот 19 став (2) од овој закон;

4) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје во просторните и урбанистичките планови и актите за нивно спроведување предвиделе заштитни мерки за бучава (член 22);

5) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје изработиле и ја доставиле на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина програмата за работа на локалната мрежа за мониторингот на бучава (член 28 став (2));

6) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје изрекуваат мерки за забрана за вршење на дејности и на активности, како и за подобрување на состојбите со бучавата, врз основа на прописот од членот 211 од Законот за животната средина;

7) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доставуваат податоци од мониторингот (член 32 став (1));

8) оценува дали општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, доставуваат податоци за одржување на соодветните катастри (член 35 став (5));

9) оценува дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје ја информираат јавноста за бучавата согласно со членот 36 став (3) од овој закон;

10) оценува дали оштините, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат податоци и пристап на јавноста до информативниот систем за состојбата со бучавата во животната средина согласно со членот 37 став (2) од овој закон;

11) оценува дали органите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедуваат нивните надлежности да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;

12) им укажува на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за пречекорување на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба;

13) укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје кои би можеле да го оневозможат вршењето на работите од јавен интерес од локално значење;

14) дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на нивно барање определени со овој закон;

15) го следи навременото донесување на прописите и планските документи, кои општината, градот Скопје и општините во градот Скопје ги носат согласно со овој закон;

16) поднесува иницијативи и предлози до општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон;

17) поднесува иницијативи и предлози до општината, градот Скопје и општините во градот Скопје доколку констатира неспроведување на овој закон како последица на судир на надлежности меѓу органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје;

18) ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалниците на општините во градот Скопје ги донесуваат при решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физички и правни лица;

19) дава мислење и стручна помош по предлог прописите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје на нивно барање;

20) го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните;

21) го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;

22) навремено ги известува органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот и

23) оценува други работи кои се однесуваат на тоа дали општините, градот Скопје и општините во градот Скопје ги презеле неопходните мерки за кои се надлежни за спроведување на овој закон;

(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.

(3) При вршењето на работите од ставот (1) на овој член, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина е должен на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје да им достави укажување и да им определи рок во кој треба да ги отстранат констатираните недостатоци во остварувањето на нивната надлежност.

Член 55

Одземање на извршување на надлежност

(1) Доколку и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје не го обезбедат извршувањето на работите кои со овој закон се утврдени како нивна надлежност и за чиешто извршување се одговорни општината, градот Скопје и општините во градот Скопје им се одзема соодветната надлежност, а вршењето на тие работи ги презема органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.

(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина работите од ставот (1) на овој член ги врши во име и за сметка на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

(3) За преземањето на работите од ставот (1) на овој член се известуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## XIII. ПРЕКШОЧНИ САНКЦИИ

### Член 56

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:

1) нивото на бучава при вршење на угостителска и туристичка дејност ги надминува рамките на пропишаните гранични вредности;

2) употребува опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава повисока од пропишаните гранични вредности за бучава (член 19 став (1) алинеја 2);

3) создава бучава повисока од пропишаните гранични вредности за бучава во рамките на заштитата определена во текот на денонокието (член 20);

4) активностите на соседите, вклучувајќи ги и градежните активности во соседството, како и активностите, уредите, средствата и апаратите кои се спроведуваат, односно употребуваат во соседството за професионални цели се изведуваат на начин спротивно на членот 41 од овој закон и ги надминуваат граничните вредности на бучава;

5) градежните активности во станбените згради ги врши спротивно на одредбите од членот 41 на овој закон и

6) создава бучава од самостојни звучни извори повисока од граничните вредности припишани согласно со овој закон (член 42).

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од овој член е Прекршочната комисија формирана согласно со Законот за животната средина.

(5) За прекршоците од овој член надлежните инспектори прекршочната санкција можат да ја изречат на лице место со врачување на покана за плаќање на глоба која сторителот е должен да ја плати во рок од осум дена.

(6) Доколку глобата од ставот (5) на овој член не се плати во определениот рок, државните и овластените инспектори за животна средина се должни да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочната комисија.

Член 57

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, доколку:

1) не ги преземаат мерките за заштита од бучава (член 19 став (1));

2) употребува опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниво на бучава повисоко од пропишаното (член 19 став (1) алинеја 1);

3) бучавата и изворите на бучавата во градбите и/или соодветната звучна изолација на градбите во работните простории и просториите за престојување на луѓе не обезбедува бучавата да биде сведена во рамките на граничните вредности за бучава од соседството (член 19 став (1) алинеја 5);

4) не врши мониторинг на бучава согласно со интегрираните еколошки дозволи (член 19 став (1) алинеја 9);

5) пушта во промет, користи и/или произведува машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството на подрачје на Република Македонија кои немаат ознака за јачината на звукот која ја емитираат (член 21 став (2));

6) користи, увезува и произведува средства кои не ги почитуваат пропишаните технички нормативи и стандарди кои се однесуваат на граничните вредности на бучава што ја произведуваат под одредени услови на употреба (член 21 став (1));

7) не ги означи на производот податоците за јачината на звукот која ја емитираат машините, транспортните средства, уреди и опрема, под одредени услови на употреба, во согласност со македонските стандарди како и препораките и нормите на Европската унија (член 21 став (2));

8) информациите од мониторингот не ги доставуваат согласно со членот 32 од овој закон;

9) не доставуваат податоци за изработка на катастарот на создавачи на бучава во животната средина согласно со членот 35 од овој закон и

10) не ги исполнува условите за заштита од бучава утврдени со овој закон (членови 38, 39, 40 и 41).

(2) Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(4) Надлежен орган за изрекување на прекршоците од овој член е Прекршочната комисија формирана согласно со Законот за животната средина.

Член 58

(1) Глоба во износ од 8.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку:

1) изведува градби кои не ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава (член 19 став (1) алинеја 5);

2) пушта во промет, користи и/или произведува машини, превозни средства, уреди и опрема за работа и производство, како и уреди, средства и апарати за употребување во домаќинството на подрачје на Република Македонија кои не се прилагодени на пропишаните технички барања кои се однесуваат на пропишаното ниво на бучава што ја произведуваат под одредени услови на употреба (член 21 став (1));

3) не се содржани заштитните мерки за бучава во просторните и урбанистичките планови и актите за нивно спроведување (член 22);

4) не ги исполнило посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава согласно со одредбите од членот 23 на овој закон и

5) при изградба на патишта, аеродроми и железници не се применуваат мерките за заштита од бучава.

(2) Глоба во износ од 1.400 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

(3) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од овој член е надлежниот суд.

Член 59

Постапка за порамнување и посредување

(1) За прекршоците утврдени во членовите 56 и 57 од овој закон, државните и овластените инспектори се должни на сторителот на прекршокот најпрво да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка.

(2) За прекршоците од член 58 на овој закон, државните и овластените инспектори можат на сторителот на прекршокот да му понудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги острани последиците од прекршокот.

(3) Во случаите во кои е постигната согласност за порамнувањето и посредувањето, глобата на сторителот може да биде намалена најмногу за една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

(4) Постапките за порамнување и посредување се водат согласно со одредбите од Законот за животната средина.

Член 60

Водење на прекршочната постапка

Постапката пред прекршочниот орган се води согласно со одредбите на Законот за животната средина.

XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 61

(1) Програмите од членот 28 на овој закон ќе се донесат во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Стратешките карти за бучава од членот 15 на овој закон и акционите планови за бучава од членот 17 на овој закон ќе се донесат во рок од пет години од донесувањето на подзаконскиот акт од членовите 15 став (11) и 17 став (11) на овој закон.

Член 62

(1) Прописите за извршување на овој закон ќе се донесат во рок од три години од влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 63

Машините, превозните средства, уредите и опремата за работа и производство, како и уредите, средствата и апаратите за употребување во домаќинството, како и други извори на бучава, кои се во употреба до влегувањето во сила на овој закон, а за кои немаат ознака односно податоци за јачината на звукот кој го емитираат, треба да се усогласат со одредбите на овој закон во рок од пет години од неговото влегување во сила.

Член 64

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за спречување на штетната бучава ("Службен весник на СРМ" број 21/84).

Член 65

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2007 година.

ОДРЕДБИ ОД ДРУГ ЗАКОН

Закон за дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2010)

Член 2

Поблиските прописи на овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/2011):

Член 6

Членовите 2, 3 и 4 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето со примена на Законот за инспекциски надзор.